Комерцијален оглас

Врз основа на член 39 и член 40 од Статутот на Градежното трговско друштво Бетон Штип АД Штип, а во врска со член 387 од Законот за трговски друштва и Одлуката број ____________ од 28.11.2018 година на Одборот на директори на Градежно трговско друштво Бетон Штип АД Штип,

**Градежното трговско друштво Бетон Штип АД Штип**

**ОБЈАВУВА**
**ЈАВЕН ПОВИК**

**за свикување на Собрание на акционери**

Собранието на акционери на Градежното трговско друштво Бетон Штип АД Штип ке се одржи на ден 18.01.2019 година (петок) во 12 часот во деловните простории на ГТД Бетон-Штип а.д. Штип, кои се наоѓаат на улица Тошо Арсов број 36 во Штип.

За работата на седницата на Собранието се предлаѓа следниот:

**ДНЕВЕН РЕД**

I. Процедурален дел

1. Отварање на работата на Собранието на акционери;
2. Констатирање на кворум за работа на Собранието;
3. Избор на претседавач на Собранието;
4. Избор на двајца бројачи на гласови.

II. Работен дел

1. Донесување на одлуки во врска со лошата материјално - финансиска состојба на Друштвото;
2. Разрешување на неизвршен член - Претседател на Одборот на директори;
3. Именување на член на Одбор на директори;

Се повикуваат акционерите на ГТД Бетон Штип АД Штип, односно нивни полномошници да присуствуваат и учествуваат во работата на Собранието на акционери.

Право на учество и глас на Собранието имаат акционери кои поседуваат акции со право на глас запишани во акционерската книга на ГТД Бетон Штип АД Штип што се води во ЦДХВ, односно нивни полномошници.

Пријавувањето за присуство на седницата на Собранието се врши со пријава за учество на Собранието, а се поднесува најдоцна пред почетокот на седницата на закажаното Собрание.

Акционер може да овласти со полномошно друго лице како свој полномошник на седницата на Собранието на Друштвото, кое што ќе учествува и ќе гласа на седницата на Собранието во негово име. Акционерот треба веднаш писмено или електронски да го извести Друштвото за секое полномошно дадено во писмена форма. Податоците за начинот на известувања за полномошна и обрасците за гласање преку полномошник се достапни на официјалната интернет страница на Друштвото. Акционерот кој нема да го извести Друштвото за даденото полномошно ќе се смета дека не го дал полномошното.

Акционери кои поединечно или заедно поседуваат најмалку 5% од вкупниот број на акции со право на глас можат да предложат дополнување на дневниот ред со барање за вклучување нови точки ако истовремено приложат и образложение за предложената точка за дополнување на дневниот ред или ако предложат одлука по предложената точка.

Акционери кои поединечно или заедно поседуваат најмалку 5% од вкупниот број на акции со право на глас имаат право по писмен пат да предложат за усвојување одлуки по секоја од точките кои се вклучени или ќе бидат вклучени во дневниот ред на седницата на Собранието на Друштвото.

Секој акционер има право да поставува прашања по секоја од точките од дневниот ред на седницата на Собранието на Друштвото.

Акцонерите можат да достават предлози за вклучување на нови точки во дневниот ред, предлози на одлуки за усвојување и прашања во рок од 8 дена од денот на објавувањето на јавниот повик за одржување на седницата на Собранието.

Подетални информации за начинот на предлагање на точки на дневниот ред, предлагање одлуки за усвојување од страна на акционерите и поставување прашања, може да се добијат на адресата на Друштвото.

Собранието ќе одлучува само за прашања кои се уредно ставени на дневен ред согласно Статутот на Друштвото и Законот за трговските друштва.

Согласно Законот за трговските друштва записникот од седницата на Собранието го води нотар.

Материјалите со дневниот ред што се подготвени за Собранието им се достапни на акционерите, односно нивните полномошници секој работен ден од денот на објавувањето на јавниот повик во деловните простории на ГТД Бетон-Штип а.д. Штип на ул. Тошо Арсов бр.36 во Штип од 8 до 14 часот.

**Одбор на директори**